КИРМ
КОМОРА МЛ **з&**шпгел*1 НА *»*ПКвЛИ1СА

**ДП. бр. 316**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Алберто Ребула извршител, Претседател на Дисциплинска комисија, Гордан Станковиќ извршител како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Весна Богдановска Основен суд Скопје 2 Скопје, судија Софија Миленкова Основен суд Скопје 2 Скопје, Загорка Тноковска, претставник од Министерството за правда, и записничар Билјана Николовска, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-71 од 06.05.2011 на Министерот за правда, по одржан главен претрес на ден 25.05.2011 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

I.

**Се огласува за виновен** извршител В.К. именуван за подрачјето на Основниот суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка

ЗАТОА ШТО

вршејќи ја извршителската должност по предмет И.бр.261/09 не постапил по одлуките на Претседателот на Основниот суд Куманово Решение ППНИ.бр. 129/10 од 23.11.2010 год и Решение на Апелационен суд Скопје ГЖбр.281/11 од 27.01.2010 година со кои Налозите на извршителот И.бр.261/09 од ден 20.10.2010 година и 12.11.2010 се ставени вон сила на начин што не превзел дејствија со цел отстранување на на неправилностите со цел отстранување на неправилностите кои биле констатирани од страна на судот, односно не направил поврат на должникот на средствата кои се наплатени од сметка врз основа на налозите кои се ставени вон сила ниту пак налозите кои се ставени вон сила ги повлекол од носителот на платен промет во кои дејствија е содржано битието на делото со што сторила дисциплинска повреда по 54-д став 1 алинеа 2 од Закон за извршување

па по 54-д став 1 и се изрекува

Дисциплинска мерка

и со примена на правилата на кривична постапка за ублажување на казната му се изрекува дисциплинска мерка парична казна во износ од 1. 500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на исплата.
Извршителот е должен да ја плати паричната казна во рок од 15 дена од прием на одлука

II.

**Се утврдува** дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршител В.К. именуван за подрачјето на Основниот суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка по чл. 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување

ЗАТОА ШТО

Поднесувањето на жалба до судот од страна на извршителот по повод веќе поднесените жалби од доверителот и должникот не е дејствие со кое е предизвикана дисциплиска повреда предвидена со Законот за извршување,

И ЗАТОА ШТО

се утврди дека Заклучокот И.бр.261/09 од 22.02.2011 година извршителот го изготвил предметниот акт правејќи исправка на предходно донесениот Заклучокот И.бр.261/09 од 12.11.2010 година со што не постапил спротивно на чл. 40 ст.1 алинеа 6 и став 4 од Законот за извршување од причина што не постои пропишана форма од страна на Министерот за правда која се однесува на исправка

***Образложение***

Министерот за правда на ден 10.05.2011 година достави до Дисциплинската Комисија при КИРМ Предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител В.К. од К., врз основа на извештајот на Министерство за правда УПП бр.09-71 од 28.03.2011 година, за извршен вонреден надзор над работењето на извршителот спроведен на ден 15.03.2011 година, од страна на Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите, со увид во предмет И.бр.261/09. Предлогот за поведување на дисциплинска постапка против извршител В.К. од К. е поднесен со наводи кои го товарат извршителот дека при постапување по предмет И.бр.261/09 не ги почитувал одлуките на Претседателот на Основниот суд Куманово Решение ППНИ.бр. 129/10 од 23.11.2010 год и Решение на Апелационен суд Скопје ГЖ.бр.281/11 од 27.01.2010 година со кои Налозите на извршителот од ден 20.10.2010 година и 12.11.2010 се ставени вон сила. Извршителот без оглед на овие одлуки паричните средства наплатени врз основа на налозите кои се ставени вон сила не ги вратил на должникот, налозите не ги повлекол од носителот на платен промет, туку продолжил со извршувањето со донесување на Заклучок за утврдување
на трошоци за извршување од 08.02.2011 година со што сторил дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 2 од Законот за извршување. Понатаму, се наведува дека извршителот поднел жалба против Решението ППНИ.бр.40/09 од 19.06.2009 год до Апелациониот суд во Скопје со што постапил спротивно на чл. 77-а ст.1 од Законот за извршување од причина што по наведениот предмет извршителот вршел должност извршител, а не е странка или учесник во извршувањето за да има право да поднесе редовен правен лек со што извршителот сторил дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 5 од Законот за извршување. Предлагачот наведува и дека извршителот постапувајќи по истиот предмет И.бр.261/09 донел акти кои не се во согласност со Законот за извршување и кои не се во пропишана форма по Правилникот за формата и соджината на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки и другите акти кои ги изготвува извршителот при превземањето на извршните дејствија бидејќи извршителот на ден 22.02.2011 година изготвил акт со наслов Заклучок во кој се наведува дека се врши корекција на Заклучокот од 12.11.2010 година со што постапил спротивно на чл. 40 ст.1 алинеа 6 и став 4 од Законот за извршување каде е предвидено дека донесува налози и заклучоци, составува записници, барања и службени белешки, согласно со одредбите на законот за извршување и дека при при превземање на извршните дејствија извршителот ги изготвува налозите, закпучоците, записниците, барањата, службените белешки и другите акти со форма пропишана од министерот за правда, со што извршителот сторил дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 5 од Законот за извршување.

Подносителот на предлогот предлага да се поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и на извршителот да му се изрече соодветна дисциплинска мерка по чл.54-д ст.1 алинеа 2 од Законот за извршување, за повреда дека извршителот не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето и за повреда по чл. 54-д ст.1 алинеа 5 од Законот за извршување, односно дека извршителот при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон.

Извршителот В.К. именуван за подрачјето на Основниот суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка на ден 23.05.2011 година до Дисциплинската Комисија при Комората на извршители на РМ достави свој образложен одговор одбивајќи ги наводите од предлогот во целост како неосновани.

Во своја одбрана извршителот наведе дека смета да не се работи за повредата за која се товари од причини што постапувал согласно одредбите од Законот за извршување, односно издал Налози за извршување врз основа на Заклучоци по чл.12 ст.1 од ЗИ за наплата на извршни трошоци кои настанале дополнително во текот на извршувањето. Имено станувало збор за извршни трошоци кои се дополнително утврдени од страна на МВР на РМ за извршена асистенција какои трошоци за

Вештачење односно надзор, како и дека никаде во одлуките на судовите не стои дека извршителот треба да се направи поврат на средствата наплатени по налозите.
По повод наводите од Предлогот за дисциплинска постапка во делот кој се однесува на поднесената жалба, извршителот наведува дека доставил до судот известување со докази, по повод жалбите изјавени од должникот и доверителот до Апелациониот суд против Решението ППНИ. бр. 129/10 од 23.11.2010 година. Во делот од Предлогот кој се однесува на издавањето на Заклучокот И.бр. 261/09 од 22.02.2011 год со кој извршителот прави корекција на Заклучокот И.бр. 261/09 од 12.11.2010 година и зборовите "се задолжува доверителот" се заменуваат со зборовите „се задолжува должникот". Извршителот наведува дека со ова не сторил повреда на Правилникот ниту на ЗИ од причина што согласно чл. 40 ст.4 од ЗИ "При преземањето на извршните дејствија, извршителот ги изготвува налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки и другите акти со форма пропишана од министерот за правда. ". Корекцијата на Заклучокот од 12.11.2010 била направена со Заклучок од 22.02.2011 година по добивање на одлуката на Апелационен суд Скопје со укажување дека треба да се задолжи должникот а наместо доверителот. Извршителот смета дека при одлучувањето Претседателот на судот во Куманово не се придржувал кон содржината на приговорите за што е должен согласно закон туку на пример во Решението ППНИ. бр. 129/10 од 23.11.2010 година судот цитирал чл 44 ст. 1 алинеа 1 од ЗИ која одредба немала допирна точка ниту со Налозите ставени вон сила ниту со самото извршување. Извршителот истакна дека Претседателот на судот не ги става вон сила донесените Закпучоци И.бр.269/09 од 12.11.2010 и 20.10.2010 година за извршување туку само Налозите за извршување и никаде во одлуката на претседателот со кој налозите на извршителот се ставени вон сила и утврдено дополнителни трошоци не е наведено дека треба да се вратат паричните средства туку само дека не е надлежен да постапува во делот на трошоците на извршувањето. Извршителот наведе дека во ист момент кога претседателот на судот се оградил од одлучување за трошоците на извршување, налозите за извршување по кои се наплатени извршните трошоци ги ставил вон сила.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 25.05.2011 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор на Министерство за правда УПП.бр.09-71 од 28.03.2011 година;
- Пресуда П.бр. 1687/2004 од 06.06.2007 година на Основен суд Куманово;
- Пресуда ГЖ. бр.6148/07 од 07.02.2008 година на Апелационен суд Скопје;
- Заклучок И.бр.261/09 од 15.06.2009 година на извршител В.К. од К.;
- Решение ППНИ.бр.40/09 од 19.06.2009 на Основен суд Куманово ;
- Жалба од извршител В.К.а од К.;
- Решение ГЖ.бр.4252/09 од 16.07.2009 година на Апелационен суд Скопје;
- Записник за извршена асистенција МВР;
- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 02.09.2009 година на извршител В.К. од К.;
- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 30.06.2010 година на извршител В.К. од К.;
- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 07.07.2010 година на извршител В.К. од К.;
- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 08.07.2010 година на извршител В.К. од К.;
- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 12.07.2010 година на извршител В.К. од К.;
- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 13.07.2010 година на извршител В.К. од К.;
- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 21.07.2010 година на извршител В.К.од К.;

- Барање за асистенција И.бр.261/09 од 22.07.2010 година на извршител В.К. од К.;
- Заклучок за утврдување на трошоци за извршување И.бр.261/09 од 20.10.2010;
- Заклучок за утврдување на трошоци за извршување И.бр.261/09 од 12.11.2010;
- Налогза извршување по чл.202 ст.1 од ЗИ И.бр.261/09 од 20.10.2010 година;
- Налог за извршување по чл.202 ст.1 од ЗИ И.бр.261/09 од 12.11.2010 година;
- Заклучок И.бр.261/09 на извршител В.К. од Куманово 22.02.2011 година;
- Извод од промени и состојба на средства на сметка од ден 15.11.2010 година;
- Решение ППНИ. бр. 129/10 од 23.11.2010 година на Основен суд Куманово;
- Решение ГЖ.бр. 281/11 од 27.01.2011 година на Апелационен суд Скопје;
- Заклучок за утврдување на трошоци за извршување И.бр. 261/09 од 08.02.2011 година на извршител В.К. од С. ;
- Решение ППНИ.бр. 16/11 од 17.02.2011 година на Основен суд Куманово;
- Фактурабр. 219-45/2010 од 29.09.2010 година на МВР на РМ;
- Фактура бр. 241-45/2010 од 19.10.2010 година на МВР на РМ;
- Фактура бр. 243-45/2010 од 22.10.2010 година на МВР на РМ;
- Фактура бр. 29/2010 од 01.11.2010 година на М. З. ДООЕЛ Куманово;
- Одговор на извршител В.К. од Куманово од 23.05.2011 година;
- Барање за извршување од 21.05.2009 година од доверител М.Н. од К.;
- Одговор на приговор од 03.07.2009 година од доверител М. Н. од К..

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во Предлогот на Управниот одбор на КИРМ, одговорот на извршител па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршител В.К. од К. спроведувала извршување врз основа на барање за извршување од доверител М.Н. од К. против должник ДГ А. И. Р. ДООЕЛ Куманово, засновано на пресуда П.бр. 1687/2004 од 06.06.2007 година на Основен суд Куманово . Извршителот на ден 15.06.2009 година издал Заклучок за овластување доверител да изврши или да довери на друг дејствие може да го изврши и друго лице (врз основа на чл. 221 ст.1 и ст.2 од ЗИ) воедно наложувајќи му на должникот однапред да положи износ на име трошоци кои ќе настанат при извршувањето. Должникот поднел приговор против овој заклучок на извршителот до Претседателот на Основниот суд Куманово кој со Решение ППНИ.бр.40/09 од 19.06.2009 година делумно го усвоил приговорот на должникот и ги ставил вон сила Заклучокот И.бр.261/09 и сите други дејствија на извршителот по предмет И.бр.261/09. Ова решение било обажалено до повисокиот суд и со Решение ГЖ. бр.4252/09 од 16.07.2009 година Апелациониот суд жалбата на должникот ја одбил како неоснована, жалбата на доверителот ја усвоил и жалбата на извршителот ја отфрлил како недозволена. На ден 02.09.2009 година извршителот до МВР СВР Куманово поднел Барање за асистенција од полиција при спроведување на извршување закажано за ден 09.09.2009 година, барања за асистенција извршителот поднесувал на ден 30.06.2010 година, на ден 07.07.2010 година, на ден 08.07.2010 година, на ден 12.07.2010 година, на ден 13.07.2010 година, на ден 21.07.2010 година, на ден 22.07.2010 година, на ден 28.07.2010 година. На ден 20.10.2010 година извршителот донел Заклучок за утврдување на трошоци И.бр.261/09 и истиот ден извршителот изготвил Налог за извршување врз основа на чл.202 ст. 1 од Законот за извршување со кој му наложил на носителот на платен промет од сметката на должникот , во име и за сметка на доверителот, на сметката на извршителот да пренесе парични средства во износ од 109.705,00 заради наплата на извршни трошоци. На ден 12.11.2010 година извршителот донел нов Заклучок за утврдување на трошоци за извршување И бр 261/09 со кој утврдил нови извршни трошоци настанати при превземање на извршни дејствија при предмет И.бр.261/09. Понатаму, извршителот на истиот ден издал Налог за извршување

по чл. 202 ст.1 И.бр. 261/09 со кој му наложува на носителот на платен промет од сметката на должникот , во име и за сметка на доверителот, на сметката на извршителот да пренесе парични средства во износ од 42.590,00 денари заради наплата на извршни трошоци. На ден 22.11.2010 година должникот поднел приговор против неправилности сторени од страна на извршителот до Претседателот на Основниот суд Куманово кој со Решение ППНИ.бр.129/10 делумно го усвоил приговорот на должникот утврдувајќи дека извршителот сторил неправилности и Налогот И.бр.261/09 од 20.10.2010 година и Налогот И.бр.261/09 од 12.11.2010 година ги ставил вон сила. Доверителот поднел жалба против ова решение до Апелациониот суд во Скопје кој со Решение ГЖ.бр. 281/11 од 27.01.2011 година ја одбил жалбата на доверителот како неоснована. На ден 08.02.2011 година извршителот донел Заклучок за утврдување на трошоци за извршување со кој утврдил дека во текот на спроведување на извршување по предмет И.бр.261/09 настанале трошоци во вкупен износ од 152.295,00 денари. Против Заклучокот за утврдување на трошоци И.бр.261/09 од 08.02.2011 година должникот ДГ "А.И" Р. ДООЕЛ Куманово поднел приговор до Претседателот на Основниот суд во Куманово кој со Решение ППНИ. бр.16/11 од 17.02.2011 година го усвоил приговорот утврдувајќи дека извршителот сторил неправилности при донесување на Заклучокот за утврдување на трошоци И.бр.261/09 од 08.02.2011 година и истиот го ставил вон сила. На ден 22.02.2011 година извршителот изготвил акт со наслов Заклучок во кој се наведува дека се врши корекција на Заклучокот од 12.11.2010 на начин што наместо доверителот се задолжува должникот да ги плати извршните трошоци.

Дисциплинската комисија при одлучување за основаноста за предлогот за дисциплинска постапка ги имаше предвид изнесената одбрана на извршителот во писмена форма и усно на записник, и сметаше дека извршителот сторил дисциплинска повреда на начин што откако биле ставени неговите налози за извршување вон сила со одлука на судот тој сепак не превзел дејствија со цел отстанување на неправилностите кои биле констатирани од страна на судот, односно не направил поврат на должникот на средствата кои се наплатени од сметка врз основа на налозите кои се ставени вон сила ниту пак налозите кои се ставени вон сила ги повлекол од носителот на платен промет, во кои дејствија е содржано битието на делото предвидено со чл. 54-д став 1 алинеа 2 Законот за извршување." не постапува по одлуките на судовите, одлуките на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето".

Дисциплинската комисија утврди дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршителот В.К. по чл. 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување од причина што извршителот по повод веќе поднесените жалби пуштил свое известување до повисокот суд со што не е предизвикана дисциплиска повреда на Законот за извршување од причина што судот е тој кој е надлежен да ја цени дозволеноста за поднесување поднесоци до судот и истиот при одлучувањето во конкретниот случај жалбата на извршителот ја отфрлил како недозволена заради немање активна легитимација со што меродавниот орган го корегирал пропустот на извршителот и оваа жалба не произведува правно дејсвие ниту е предизвикано штетни последици со нејзиното поднесување, согласно што ова дејствие на извршителот не претставува дисциплинска повреда. Наводите дека извршителот сторил повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 5 од ЗИ на начин што изготвил акт спротивно на чл. 40 ст.1 алинеа 6 и став 4 се утврдија како неосновани од причина што извршителот го изготвил предметниот акт изменувајќи ја содржината а задржувајќи се во формата пропишана од министерот за правда со што не е сторена дисциплинска повреда бидејќи законот го обврзува извршителот да ги издава своите акти исклучиво почитувајќи ја во пропишаната форма.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги имаше предвид олеснителните околности дека во време на сторување на делото извршителот се уште немал доволно искуство, како и околноста дека до сега не му е изрекувана дисциплинска мерка. Како отежнителни околности го ценеше фактот што со ваквото постапување на извршителот е предизвикана правна несигурност во однос на странките во извршувањето. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

-Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 25.05.2011 година согласно чл. 59 став 1 алинеа 1 и алинеа 2 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по прием

**Дн:** РМ Министерство за правда

Извршител В.К. од К.
Претседател на КИРМ
Архива

**Записничар,**
Билјана Николовска

**Претседател на ДисципЛјинска комисија,**
Алберто Ребула